Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 13.12.2020

На 12.12.2020 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на непрописното престигнување при што се санкционирани 102 прекршители (53 Тетово и 49 Гостивар). Санкционирани се и 46 други прекршоци.

И на подрачјето на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на непрописното престигнување при што се санкционирани 35 прекршители

На 12.12.2020 во 11,45 часот на Граничен премин "Меѓународен аеродром" Скопје од полициски службеници бил приведен Л.К.(20) од Р.Косово бидејќи по извршената проверка било констатирано дека, словенечката патна исправа и лична карта кои пријавениот ги приложил се фалсификувани, а при извршениот преглед во неговиот багаж била пронајдена и фалсификувана словенечка возачка дозвола на негово име, за кои пријавениот изјавил дека ги набавил од лице во Косовска Митровица,Р.Косово. Лицето е предадено на полициски службеници од Одделениети за прекугрничен криминал, миграции, странци и реадмисија – Скопје и за настанот бил известен јавен обвинител за понатамошна постапка.

На 12.12.2020 во 19,45 часот од полициски службеници од СВР Тетово на автопатот во Тетово биле лишени од слобода А.А.(23) од с. Јеловјане, тетовско и Г.Ј.(20) од с. Урвич, тетовско бидејќи при преглед на лицата и паркирано патничко моторно возило „голф" со тетовски регистарски ознаики била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.12.2020 во 14.00 часот во Полициска станица Центар, А.А.(28) од с.Марино,скопско пријавила дека на ул.Франклин Рузвелт била касната од куче скитник.

На 12.12.2020 во 22,20 часот на паркинг во Охрид од полициски службеници од СВР Охрид биле лишени од слобода С.Б.(23), Н.А.(22) и Ф.В.(24) сите од Охрид бидејќи при извршен преглед на лицата и патничко моторно возило„мерцедес" со охридски регистарски ознаки во кое се наоѓале лицата била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.12.2020 во 22.50 часот од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода А.И.(22) и С.И.(49) двајцата од Тетово поради постоење основано сомнение дека сториле кривично дело „насилство", а во врска со претходна пријава во 18.40 од Џ.М.(26) и Б.М.(24) двајцата од с. Горно Палчиште, тетовско дека околу 18.00 часот во Тетово по претходна расправија биле физички нападнати од три лица од кои еднот со остар предмет му нанел повреди на Џ.М. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветн поднесок.

На 12.12.2020 во 05.15 часот од полициски службеници од СВР Скопје на ул.Вера Радосављевиќ е пронајден Р.С.(70) од Скопје кој бил пријавен дека се оддалечил од семејниот дом.

На 12.12.2020 во 15.00 часот во СВР Скопје, Ј.Ј.(41) од Скопје пријавила дека на 11.12.2020 во 21.20 часот на паркинг во населба Илинден нејзината 15 годишна ќерка била физички нападната од други две малолетнички. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.12.2020 околу 17.00 часот во СВР Скопје, С.И., вработен во Казнено поправна установа„Затвор Скопје" пријавил дека околу 14,30 часот во Казнено поправна установа„Затвор Скопје", осуденикот З.П.(36) бил физички нападнат од четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 во 23.01 часот во СВР Скопје, Љ.С.(19) од Скопје пријавил дека околу 22.30 часот во близина на Транспортен центар Скопје бил физички нападнат од Т.Х. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 во 21.40 часот во СВР Скопје, Н.И.(52) од Скопје пријавил дека околу 21.15 часот на бензиската пумпа на автопат Петровец- Скопје на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од А.З. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 околу 14,30 часот во СВР Охрид било пријавено дека во близина на Градскиот стадион во Струга , 17 годишник од Струга бил физички нападнат од С.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 во 03.10 часот од полициски службеници од СВР Струмица приведен е И.Р.(38) од Велес, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „телесна повреда" казниво по чл.130 ст.2 од Кривичниот законик, а во врска со претходна пријава од А.А.(35) од Струмица дека околу 03.00 часот во Струмица нејзиниот невенчан сопруг И.Р. ја нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 во 20.00 часот во СВР Тетово С.Ќ. (61) од с. Џепчиште пријавил дека во млекара, на работното место, се повредил вработениот А.В.(25) од с.Џепчиште. Повредениот бил пренесен во болница „Систина" за укажување на лекарска помош. Извршен е увид на местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 околу 20,10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачје на Гази Баба, две лица со закана одзеле пари, а едно од лицата двапати испукало од пиштол, а потоа физички го нападнал вработениот С.З.(51) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 околу 21,00 часот во Скопје на подрачје на Центар од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода У.Ш.(45) од Скопје кој управувал комбе „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, бидејќи физички нападнал полициски службеник. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет